**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**

**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 15-03-2019

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 1408 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор реализиран по претставка

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 15 и 16 јануари 2019 година, самопромотивна најава за емисијата „Македонски инсајдер“ – во делот посочен како „Досие 003“ („Мафија на квадрат“)

4. **Датум на извршување на надзорот:** 14 март 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** Писмено укажување за прекршување на член 61 од ЗААВМУ (емисија „Печат на неделата“) бр. 03-112 од 08.03.2019

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор реализиран врз основа на претставка доставена преку интернет адреса (наш бр.03-19 од 18.02.2019 година), врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 15 и 16 јануари 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во делот на начелото за заштита на достоинството на личноста.

Подносителот на претставката се жали по неколку основи:

- Наведува дека на 1 ТВ се „емитува најавна шпица за нова емисија под името „Македонски инсајдер“ во која е грубо нарушен новинарскиот код и етика од страна на телевизијата 1ТВ“ и при што се потенцира дека во најавната шпица се спомнува името на г. Зоран Азманов со што се нарушуваат неговиот углед, чест и достоинство бидејќи на јавноста и е најавен како мафијаш. Се изразува незадоволство од начинот на којшто 1ТВ информира за целиот случај;

- Говори за телефонските контакти на г. Азманов со уредникот на Телевизијата г. Ацо Кабранов и со г. Бојан Јовановски за кого тврди дека побарал рекет во износ од 50.000 евра или стан, за што, како што се вели, е известено Министерството за внатрешни работи;

- Бара Агенцијата да ја усвои жалбата и „како тело кое се занимава со заштита на правото на јавноста да добие објективна и целосна информација согласно новинарските стандарди и етичките норми" веднаш да постапи и да донесе „одлука во која ќе биде утврдено дека 1ТВ во конкретниот случај како медиум грубо го има прекршено Кодексот на новинарите и да го задолжи предметниот медиум истата јавно да ја објави".

Агенцијата направи надзор од аспект на своите надлежности, односно од аспект на почитувањето на начелата за вршење на дејноста од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Што се однесува до другите наводи од претставката мора да се нагласи дека Агенцијата не е надлежна да утврдува прекршочно или кривично делување на медиумските работници (надлежноста и во претставката е лоцирана кај МВР), ниту пак е надлежна да утврдува дали бил почитуван Кодексот на новинарите – што е во надлежност на Советот за етика во медиумите (СЕММ), кој веќе се произнесе по жалба за истата самопромотивна најава.

Имајќи го ова предвид, беше извршен надзор на самопромотивната најава за емисијата „Македонски инсајдер" – во делот посочен како „Досие 003" емитувана на 1ТВ на 15 јануари 2019 година во 20:59:32 – 21:02:24 и 22:06:25 – 22:09:16, и на 16 јануари 2019 година во 12:22:37 – 12:25:30. Во неа е изговорен и напишан на телоп следниов текст (транскрипт):

*„Што стои зад секој квадрат на македонската градежна мафија?*

*Што стои зад градежните одлуки на секој градоначалник?*

*На кој начин градежната мафија и денес соработува со локалната самоуправа?*

*Профитираат ли од ова Обвинителството и судовите?*

*Што се крие зад името Зоран Азманов?*

*Досие 003 - Мафија на квадрат."*

Вака срочените тврдења во самопромотивната најава за „Македонски инсајдер - Досие 003", го става г. Зоран Азманов во негативен контекст (*„градежна мафија"*, *„мафија на квадрат"*) без да бидат понудени докази или спротивставен/поинаков став што е **спротивно на начелото за „заштита на ... достоинството на личноста" од член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во самопромотивна најава за емисијата

„Македонски инсајдер - Досие 003" која во неколку наврати беше емитувана на 15 и на 16 јануари 2019 година, не го почитуваше начелото за „заштита на ... достоинството на личноста", бидејќи г. Зоран Азманов беше ставен во негативен контекст, односно во контекст на *„градежна мафија"* и *„мафија на квадрат"*, без да бидат понудени докази или спротивен/поинаков став.

## 9. Предлог-мерка:

Во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година, Советот на Агенцијата да го прифати извештајот од надзорот и да донесе заклучок на Трговското радиодифузно друштво 1ТВ ДООЕЛ Скопје, писмено да му се укаже за констатираното прекршување на член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за програмски работи***